Агенција за вработување на Република Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 17-10886
17.08. 2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазаротт на трудот за 2023 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија за 6 Програма за работно ангажирање- Јавни Работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, се објавува:

# Ј А В Е Н  П О В И К

## ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА 15 ЛИЦА

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата за работно ангажирање- „Јавни Работи"

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата Јавни работи, ќе бидат ангажирани 1 месец односно 22 работни дена при што за време на работниот ангажман од 1 месец односно 22 (дваесет и два) работни дена, статусот на невработените лица останува непроменет.

Право на учество во Програмата „Јавни работи" имаат сите невработени лица со ниски квалификации и со основно образование.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во програмата „Јавни работи" се предвидува паричен надоместок во висина од 600 денари дневно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболоување. Единиците на локалната самоуправа и Град Скопје учествуваат со кофинансирање во износ од 20% од дневниот надоместок.

На корисниците на социјална помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Средствата ќе се трансферираат по истекот на работното ангажирање до Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје.

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Јавни работи" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Ресен во период од 18.08.2023 година до 25.08.2023 година од 08.00 до 14.00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Ресен и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата јавни работи можат да се добијат во Агенција за вработување- Центар за вработување Ресен, кај лицето Лилјана Таневска.

**Градоначалник**
**на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН